РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

| Примено: | 12. 11. 2019 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| 08 | 2098/2 | | |


Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**До: ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Архивски број: 12/6-178/5**
**Датум:** 11.11.2019

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ( „Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 143/19 ), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
на

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Делчево , со архивски број: 08-2098 /1 од 11.11.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Делчево поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Делчево. Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор. Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Делчево , со архивски број: 08-2098 /1 од 11.11.2019 година.

Со почит,
Државен советник,
D. Jahi Jahija

Подготвил : Катерина Ристоманова


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0879
www.mioa.gov.mk

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

„Светозар Марковиќ"бр.1
2320 Делчево

Тел. + 389(0)33411-550
www.delcevo.gov.mk
E-mail:
info@delcevo.gov.mk

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО*
*ЛОКАЛНА САМОУПРАВА*
*Бр. 08-2098/1*
*11.11.2019 година*
*Делчево*

# ПРАВИЛНИК

За измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево

Ноември,2019 година

ДЕЛЧЕВО

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

„Светозар Марковик"бр.1
2320 Делчево

Тел. + 389(0)33411-550
*www.delcevo.gov.mk*
*E-mail:*
*info@delcevo.gov.mk*

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор(Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018 и 198/2018) и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019,Градоначалникот на Општина Делчево, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**За измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Делчево со архивски број 08-563/1 од 21.03.2016 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Делчево со архивски број 08-389/2 од 01.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Делчево со архивски број 08-2110/1 од 06.12.2019 година.

Член 2

Во глава IV .ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО:

-во **Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**,на работното место со **реден број 39**,Помлад соработник за јавни дејности,делот Вид на образование се менува и гласи: Правни науки,Науки за книжевноста или Јавна управа и администрација ;

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

**Број : 08-2098/1**
**11.11.2019 година**

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО*
*ЛОКАЛНА САМОУПРАВА*
*Бр. 08-2098/1*
*11.11.2019 година*
*Делчево*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО